# СТРИП КРЕАТИВА

× × ×

# СТРИПОТ МОЖЕ

Поддржано од:
**Министерство за култура и туризам**
**РС Македонија**

Поддржано од:
**Министерство за култура и туризам**
**РС Македонија**

Автор: **Томе Трајков**
Уредник: **Томе Трајков**
Заменик уредник: **Славица Купенкова**
Графичко обликување: **Александар Стеванов**

# СТРИП КРЕАТИВА

# СТРИПОТ МОЖЕ

2025

# СТРИП КРЕАТИВА ××× СТРИПОТ МОЖЕ

## Претставување на проектот „Стрип креатива – стрипот може“ на Томе Трајков

Проектот е усвоен од Министерството за култура и туризам под бр. УП1 22-520, врз основа на објавениот конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата со кој ќе се поттикне развојот на креативните индустрии во 2025 година.

Општа цел:

- Афирмирање на досегашни искуства во валоризирање на стрип-културата, како можност за генерирање на приход

Конкретни цели:

- Афирмирање на стрип-авторите од Македонија
- Афирмирање на стрип-издавачи од Македонија
- Афирмирање на можности за примена на стрипот во разни сфери на општеството вклучително и во економијата

Резултати од проектот:

- Изработка на каталог во PDF формат, во кој ќе бидат:
  **а)** Презентирани избрани македонски автори
  **б)** Презентирани муралите од Велес
  **в)** Презентирана идејата за основање на стрип-музеј во Велес
  **г)** Пригоден текст за стрип-сцената и за стрип-издаваштвото во Македонија
- Обезбедени три презентирања на стрипови од македонски автори на 1/1 црно бела страница во печатеното издание на весникот „Нова Македонија“

Објавувањето на овој каталог е во рамките на проектот „Стрип креатива – стрипот може“ имплементиран од Томе Трајков, стрип-промотер од Велес
Проектот е финансиски поддржан од страна на Министерството за култура и туризам на РС Македонија – програма креативни индустрии

# Претставување на носителот на проектот – Томе Трајков од Велес

**Трајков Томе** (1964), од 2006 година е постојано ангажиран во Стрип центарот на Македонија – Велес, како програм координатор задолжен за фанд рејзинг, контакти со донатори, раководител на целосен проектен циклус, контакти со потенцијални стрип-автори, скаутинг на млади и неафирмирани стрип-автори, како и пи-ар.



Од 2025 година неговиот работен ангажман во СЦМ се трансформира во член на проектен тим, со зголемен степен на автономно делување во рамките на оваа организација.

За своите ангажмани:

- Во 1999 година и во 2021 година е добитник на наградата „9 Ноември“ на градот Велес
- Во 2008 година е добитник на II место на изборот за најдобар волонтер во граѓанскиот сектор на Македонија
- Во 2014 година бил член на интернационално жири на првиот, воопшто организиран, стрип-настан во соседна Албанија
- Два пати е добитник на признание за заслуги за развојот на стрип-сцената во соседно Косово
- Во 2016 година е добитник на Признанието за развој и афирмација на стрипот во Македонија „Љупчо Филипов“

Проектот е финансиски поддржан од страна на Министерството за култура и туризам на РС Македонија – програма креативни индустрии
Објавувањето на овој каталог е во рамките на проектот „Стрип креатива – стрипот може“ имплементиран од Томе Трајков, стрип-промотер од Велес

**Меѓународен стрип фестивал во Ваљево, Србија (2019):**

Една од трите главни изложби во рамките на Ваљевскиот стрип-фестивал во 2019 година беше резервирана за македонскиот стрип.



На неа, во Центарот за култура во Ваљево, со свои стрипови учествуваа седумнаесет македонски стрипери од различни генерации.




**Урошевац/Феризај (2022):**

Најпрво во локалната гимназија се одржа едночасовно предавање на тема „Што е стрип?“, а потоа во Домот на култура се отвори изложба на стрипови од современи македонски стрип-автори, обезбедени преку претходен повик. Од нив најнапред да го спомeнеме стрип-мајсторот Игор Јовчевски, па велешаните Лазар Ангелков, Илко Стојановски, Оливер Цветковски и Васил Гаврилов, потоа следат Дарко Богданов, Александар Цакоски, Славица Купенкова, Александра и Максим Ристески, Душица Димитровска, Катерина Николовска-Тери, Мирко Бојаџијевски, како и младите сили Анастасија Недељковска, Евгенија Трајковска, Ѓургица Варела, Ана Марија Стефаноска, Јана Бутеска, Мартина Величковска, Ангела Ајтовска, Елена Апостоловска и Софронија Шарламанов. Како сценаристи на изложбата беа застапени Ване Трајков и Александар Стеванов.




**8. Сомборски меѓународен салон на стрип и фантастика (2023):**

Изложбата на избрани македонски стрип-автори претставуваше воведен дел на осмиот Сомборски меѓународен салон на стрип и фантастика. Доминираа стрипови од актуелните македонски автори што изложувале на Меѓународниот стрип-салон во Велес и во магазинот „Стрип креатор“, единственото постојано стрип-издание кај нас: Ангела Петрушевска од Скопје, Дамјан Шокев од Скопје, Дарко Богданов од Виница, Ѓургица Варела од Гевгелија, Илко Стојановски од Велес, Јана Бутеска од Скопје, Лазар Ангелков од Велес, Максим Ристески од Скопје, Методија Стојановски од Куманово, Оливер Цветковски

Објавувањето на овој каталог е во рамките на проектот „Стрип креатива – стрипот може“ имплементиран од Томе Трајков, стрип-промотер од Велес
Проектот е финансиски поддржан од страна на Министерството за култура и туризам на РС Македонија – програма креативни индустрии

од Велес, Славица Купенкова од Скопје, Тоде Блажевски од Скопје и Цанко Стефанов од Скопје.




Како сценаристи на некои од делата беа застапени: Александар Стеванов од Штип, Ване Трајков и Ѓоре Гелев од Велес и Александра Ристески и Војдан Андонов од Скопје.

**Ужички стрип сусрети – Ужице (2024):**

Во својата едночасовна панел-дискусија акцент се даде на долгогодишната работа на Стрип центарот на Македонија и на дејствувањето во интерес на македонските автори, стрип-групации и воопшто целокупната наша стрип-сцена.




Исто така се организираше стрип-изложба од домашни автори, учесници на последниот Меѓународен стрип салон во Велес, како најзначајна стрип-манифестација, фестивал, во светот на 9-тата уметност во Македонија. Беа изложени дела на македонски цртачи од понова генерација, поточно од: Славица Купенкова, Ангела Петрушевска, Евгенија Трајковска, Матеа Аризановска, Вилма Дамњановска, Елена Апостоловска, Влера Чиче, Катерина Николовска-Тери, сите од Скопје, потоа Методија Андоновски и Анастасија Недељковска од Куманово, Оливер Цветковски од Велес и на крај Теодора Христова и Михаела Васкоска од Битола. Како сценаристи на некои од делата беа застапени Ване Трајков од Велес и Александар Стеванов од Штип.

**13. Меѓународна стрип колонија „Рашка 2025“ (2025):**

Од 18 до 22 јули, Јошаничка Бања беше домаќин на 13-тата Меѓународна стрип колонија „Рашка 2025“, која и оваа година собра многубројни стрип-автори, предавачи и млади таленти од Србија и од регионот. Македонската стрип-заедница ја претставуваа авторите: Славица Купенкова, Евгенија Трајковска, Анастасија Недељковска, Игор Поповски, Иван Михајловски и Јасмина Јовчевска. Останатите учесници дојдоа од стрип-школи од Белград, Врање, Лепосавиќ, Велес, Валона и од Рашка, а во текот на петте дена од богатата програма, учесниците посетија изложби, промоции, работилници и цртање во живо. Учесниците работеа и на нови стрипови што ќе бидат објавени во стрип-списанието „Ras comic“. Меѓу другото,

Проектот е финансиски поддржан од страна на Министерството за култура и туризам на РС Македонија – програма креативни индустрии
Објавувањето на овој каталог е во рамките на проектот „Стрип креатива – стрипот може“ имплементиран од Томе Трајков, стрип-промотер од Велес

во Галеријата на Културниот центар „Градац“ во Рашка беше отворена изложба на дела создадени во рамките на меѓународниот проект „Сè што велиме е: Дајте му шанса на помирувањето!“ На овој проект иницијатор и координатор беше Томе Трајков.




**„Supertoon“ – Шибеник, Хрватска (2025):**

Приморскиот град Шибеник во Хрватска по 15-ти пат беше домаќин на Интернационалниот фестивал за анимација и стрипови „Supertoon“, којшто се организираше од 21 до 25 јули 2025 година.




На повеќе локации во градот, пред посетителите беа изведени повеќе содржини, проекции, промоции и дискусии од областа на стрипот и на анимираниот филм. Томе Трајков одржа едночасовна промоција на македонската стрип-сцена, а учествуваше и на групна панел дискусија на тема „Предизвиците на стрип-издаваштвото во регионот“.



Фестивалот „Supertoon“ има специфичен фокус на стрип-изданија и вклучува повеќе категории – од стрип-списанија, до книги и фанзини. Учеството на македонски издавачи треба да биде уште позабележително во наредните години бидејќи ова претставува важен чекор кон поголема видливост на македонскиот стрип на европската мапа.

Објавувањето на овој каталог е во рамките на проектот „Стрип креатива – стрипот може“ имплементиран од Томе Трајков, стрип-промотер од Велес
Проектот е финансиски поддржан од страна на Министерството за култура и туризам на РС Македонија – програма креативни индустрии

# Мини претставување на дел од македонската стрип-сцена

Според некоја тренд-инерција во светот на стрипот, авторот ја афирмира темата за женскиот стрип во Македонија. Во тој контекст, во ова поглавје се споменуваат 10 (десет) авторки со коишто авторот континуирано соработува во последниве 2 и повеќе години. Наведени се по азбучен ред.

**Анастасија Недељковска**



Анастасија Недељковска од Куманово се занимава со цртање стрипови од 2018 година. Учествувала на голем број проекти, конкурси, работилници и колонии, при што освоила неколку благодарници и награди. Нејзиниот стрип „Порака“, преку проектот „Македонијо, зелена пак ќе бидеш“ е објавен во дневниот весник „Нова Македонија“. Со свој стрип беше застапена на изложба во Брашов, Романија, како единствена авторка од Македонија. Учествувала на стрип-колониите во Велес во 2024 година и во Рашка, Србија, во 2025 година.

**Ангела Петрушевска**



Како вљубеник во деветтата уметност, Ангела Петрушевска од Скопје учествувала на стрип-колониите во Рашка, соседна Србија (2023, 2024) и во Велес (2025), а за својата возраст освоила и значителен број награди.

Освоени награди за стрип:

- Прва награда „Безбедност“, ОБСЕ (2022)
- Прва награда „Интегрираното општество е нашата иднина“, кампања за антидискриминација (2022)
- Прва награда во своја возрасна категорија, за стрипот „Црна визија“, од Стрип центар на Македонија – Велес (2019)
- Втора награда во своја возрасна категорија, за стрипот „Слушнете нè луѓе!“, од Стрип центар на Македонија – Велес (2021)
- Награда за креативно изразување за „Приказна за животот и смртта“, изложен во Лесковац, Србија (2022)

**Влера Чиче**



Влера Чиче е 17-годишна средношколка, која сама се научила да создава стрипови како начин на релаксирање и ослободување стрес од учењето фармација. Нејзината работа нè потсетува на моќта на креативноста во градењето мостови и унапредувањето на инклузијата. Во 2023 година ја доби наградата за најдобар уметнички израз во категоријата до 18 години на Меѓународниот стрип конкурс на Стрип центарот на Македонија – Велес. Таа е една од талентираните победници на стрип-натпреварот поддржан од ОБСЕ, „Сè што велиме е: Дајте ѝ шанса на инклузијата!“ Учествувала во регионалната стрип-акција „24-часовно цртање на стрип“. Моментално е ученик во СМУГС „Д-р

Проектот е финансиски поддржан од страна на Министерството за култура и туризам на РС Македонија – програма креативни индустрии
Објавувањето на овој каталог е во рамките на проектот „Стрип креатива – стрипот може“ имплементиран од Томе Трајков, стрип-промотер од Велес

Панче Караѓозов“ – Скопје. Редовно учествува на стрип-конкурси уште од 2019 година.

**Евгенија Трајковска**



Евгенија Трајковска од Скопје е дипломирана ликовна уметница и наградувана стрип-авторка. Досега учествувала на Стрип колонијата во Рашка, соседна Србија (2017, 2025), а била едукатор на стрип-проект финансиран преку ОБСЕ.

Освоени награди за стрип:

- Награда „Златен стрип“ за најдобар учесник до 18-годишна возраст, Велес 13 октомври 2017 година, Стрип Центар на Македонија – Велес
- Специјална награда на стрип салонот „Скопска стрип акција 2017“, 4 декември 2017 година, Стрип Центар на Македонија – Велес

**Елена Апостоловска**



Елена Апостоловска од Скопје има 19 години и е матурантка на ДСУЛУД „Лазар Личеноски“. Штотуку е запишана на Економскиот факултет во Скопје, Отсек менаџмент и претприемништво. Во средното се стекнува со вештини како дигитално цртање, анатомија на човек и животни, работење со туш... Со други зборови, усовршено цртање и сликање.

Учества на манифестации:

- Flipbook festival 2022 година, работилница и натпревар
- Изложба на стрип во Урошевац, 2022 година
- Стрип конкурс Велес, 2024 и 2025 година
- Стрип колонија Велес 2024 и 2025 година
- Стрип трип, 2024 година – Волонтер и учесник на натпревар
- Илустрирање на книга „Гаја и градината“, 2023 година
- Изложба „Современа митологија“, 2024 година
- Завршна изложба „Лазар Личеноски“, 2022, 2023, 2024 и 2025 година
- Изложба на карикатури „Мојот учител“, 2024 година
- Битола отворен град, изложба на стрип на млади авторки, 2024 година

Освоени награди за стрип:

- „Златен стрип“, Меѓународен стрип салон „Велес 2021“
- Најдобро стрип-сценарио на тема: „Правата на ромите“
- Специјална награда за краток филм (на тема против корупцијата), Холандска амбасада, 2024 година
- Најдобар автор до 18 години од Македонија, стрип конкурс „Велес 2023“
- Прво место во категоријата средношколци, „All we are saying is: Give inclusion a chance“, 2024 година
- 3 место во категоријата средношколци на тема: „Мир после војна“, Рашка школа, 2025 година

**Ерика Златковска**



Ерика Златковска од Куманово има 22 години и е дигитален илустратор и дизајнер со 10 години искуство во визуелното раскажување. Таа работи како илустратор и концептуален уметник за видео игри. Нејзиниот уметнички пат започнува со изработка на дела нарачани од индивидуални клиенти, при што ја развива својата способност да преточи идеи и емоции во сцени полни со живот. Со текот на времето, авторските интереси на Ерика се проширувaат на илустрации и дизајни во разни теми и стилови — од карактер дизајн и фантазија, до реалистични прикази и стилизирани визуали. Таа работи исклучиво дигитално, комбинирајќи силна наративна структура со внимателна композиција и експресивна палета на бои. Нејзината флексибилност ѝ овозможува да се прилагоди на различни проекти, без разлика дали се од светот на анимациите, игрите, книгите или брендираниот визуелен идентитет.

Портфолио: https://www.behance.net/erikazlatkovska

**Магдалена Марјановиќ**



Магдалена Марјановиќ, родена во 2010 година во Скопје, а со адреса на живеење во Ресен, е вљубеник во цртањето и во деветтата уметност. Има учествувано на повеќе конкурси за стрип, а во 2023 година ја освои првата награда во категоријата основци на наградниот конкурс „Сè што велиме е: Дајте ѝ шанса на инклузијата!“ (англ. „All we are saying is: Give inclusion a chance!“) на Стрип центарот на Македонија – Велес, за заедничкиот стрип „Магичниот портал“, која вклучуваше и учество на прекрасната стрип-работилница во Нежилово. За стрипот „Зора“, наредната година ја освојува првата награда на наградниот конкурс за родова еднаквост „Кое е твоето чудо?“ на Мрежа Стела и Националниот младински совет на Македонија (НМСМ). Во 2025 година освојува награда од спонзори за стрипот „Rise ’n Shine“ (или „Добро утро“) на конкурсот за најдобар краток стрип на фестивалот „Стрип трип“, како и на прво место во категоријата до 18 години на конкурсот на 22. Меѓународен стрип салон „Велес 2025“.

**Матеа Аризановска**



Матеа Аризановска има завршено средно образование во СУГС „Никола Карев“. Како вљубеник во деветтата уметност, таа досега учествувала на повеќе стрип-настани, меѓу кои: „24 сатно цртање стрипова“ (2023), на стрип натпреварот „Лифт“, на кој е третонаградена (2023), на конкурс на „Стрип трип“ за стрип-корица на тема „Самураи во твојот град“ (2024) и на конкурс на тема помирување, на кој е првонаградена (2025).

Проектот е финансиски поддржан од страна на Министерството за култура и туризам на РС Македонија – програма креативни индустрии
Објавувањето на овој каталог е во рамките на проектот „Стрип креатива – стрипот може“ имплементиран од Томе Трајков, стрип-промотер од Велес

**Меланија Стојанова**



Меланија Стојанова од Велес е родена на 22 август 2003 година. Моментално таа е студентка четврта година на Европскиот универзитет – Факултет за арт и дизајн, Отсек графички дизајн. Како стрип-авторка, Меланија објавила неколку дела со кои учествувала на повеќе изложби и конкурси. Нејзиниот прв објавен стрип, „(Не)пријатели од средно – Животот на Бети“ (во соработка со две авторки), е хумористичен приказ на секојдневни карактери и беше претставен на групната изложба „Бајката и бајковитото“, како и на финалната изложба на Факултетот за арт и дизајн „Полнолетство“. Потоа на стрип-колонија организирана од Стрип центарот на Македонија, Меланија создава и објавува уште еден авторски стрип. Најголем успех доживува со стрипот за хероината Родна Ивева „Родна Ивева – не умре од куршум, умре од предавство“, со кој учествува на конкурсот на Стрип центар на Македонија – Велес и освојува специјална награда за млад автор. Најсвежо од нејзиното творештво е учеството на Стрип колонијата во Велес оваа година, со стрипот „Чесниот дрвосечач“ по сценарио на Ване Трајков.

**Славица Купенкова**



Славица е меѓу најактивните македонски стрип-авторки во моментов.

Освоени награди за стрип:

- На 18. Меѓународен салон на стрип „Велес 2021“, добитник на наградата за најдобар дебитантски стрип за стрипот „Училишните авантури на Јан“ на кој е целосен автор – цртач по сопствено сценарио
- Во 2022 година е еден од финалистите на Меѓународниот натпревар на историски стрипови „CAN for Balkans“ и е добитник на едно од петте специјални признанија од меѓународното жири за стрипот „Одисеја“
- Во 2022 година освојува специјално признание од италијанскиот амбасадор по повод настанот „Денови на италијанскиот стрип“ за изработка на постер

Учества на групни изложби:

- Септември 2021 година, изложба во Куршумли ан, во рамките на настанот „Бела ноќ“
- Октоври 2022 година, Брашов, Романија, изложба на Меѓународен натпревар на историски стрипови „CAN for Balkans“
- Ноември 2022 година, групна изложба во Урошевац, Косово, во организација на Хитхи.
- Декември 2022 година, Брисел, Белгија, изложба на Меѓународниот натпревар на историски стрипови „CAN for Balkans“.
- Февруари 2023 година, Лесковац, Србија, изложба на Меѓународниот натпревар на историски стрипови „CAN for Balkans“.
- Мај 2023 година, изложба на 8. Сомборски меѓународен фестивал на стрип и фантастика.

Објавувањето на овој каталог е во рамките на проектот „Стрип креатива – стрипот може“ имплементиран од Томе Трајков, стрип-промотер од Велес
Проектот е финансиски поддржан од страна на Министерството за култура и туризам на РС Македонија – програма креативни индустрии



**Александар Стеванов**, роден на 13 април 1984 година во Штип, е стрип-автор, графички дизајнер, публицист и хроничар на македонскиот стрип. Објавувал во списанијата: „Синдром“, „Стрип креатор“, „Чивилук“, „Македонска ризница“, „Comix“, „Zona Gráfica“, „Parabellum“, „Vojvođanski strip“, „Ras comic“, „Деветка“, „Современост“, „Strip pressing“, „(е)Лит“, „Градина“ и „The Macedonian PEN Review“. Тој е автор на интерактивната сликовница со самолепливи сликички „Девојче на Месечината“ (2017), како и на публикацијата „Визуелна хроника на македонскиот стрип“ (2019 – 2022, 2024), во чии засега пет објавени тома детално е обработена македонската стрип-историја во периодот 1990 – 2019 година. Се јавува како автор и издавач и на книгите „Македонскиот стрип во изданијата на новосадски ’Дневник’“ (2018), „Жељко Книвалд“ (2020), „Приказна за лекарот, поетот и стрип-пионерот“ (2021), „Плави вјесник, 9-тата уметност и земјата каде што сонцето вечно сјае“ (2022), „Македонскиот стрип во ревијата *ЈУ стрип*“ (2023), „Гастон Гамлиел“ (2024), „Целзиус 233: Ракописите, книгите и стриповите за време на Априлската војна“ (2025) и „Стрипот во Штип, стрипот од Штип (1958 – 2025)“ (2025). Стеванов е сценарист на стриповите објавени во третиот и во четвртиот број на „Стрип алманах“ (2017, 2020), како и на оние објавени во албумите „Ægri somnia“ (2020) и „Ægri somnia 2“ (2022). За своите заслуги во полето на деветтата уметност, тој е добитник на признанието за развој и афирмација на стрипот во Македонија „Љупчо Филипов“ (2017) и на наградата за најдобар балкански стрип-сценарист, освоена на Балканската смотра на млади стрип-автори во Лесковац (2015). Добитник е и на прва (2020/2021) и втора награда (2018) и на таква за најдобро раскажување (2019), доделени на Меѓународниот стрип-салон во Ваљево, на две втори награди (2014, 2021), три трети (2015, 2016, 2020), по една за уметнички израз (2013) и за сценарио (2017),




на награда за најдобар македонски стрип (2024) и на две специјални награди (2010, 2012), доделени на Меѓународниот салон на стрип во Велес. Добитник е и на две трети места освоени на стрип-натпреварот „Лифт“ (2020, 2022), на втора награда за граѓанско новинарство, како и на признание за промовирање на Македонија. Во својот импресум Стеванов има една самостојна авторска стрип-изложба и една на која бил куратор, обете поставени во Штип, каде што одржал и неколку стрип-курсеви, односно стрип-работилници. Учествувал и на повеќе стрип-колонии во Велес и во Рашка, на две стрип-школи во Нежилово, а бил и селектор на македонските стрипови на патувач-

Проектот е финансиски поддржан од страна на Министерството за култура и туризам на РС Македонија – програма креативни индустрии
Објавувањето на овој каталог е во рамките на проектот „Стрип креатива – стрипот може“ имплементиран од Томе Трајков, стрип-промотер од Велес

ката изложба на историски стрип „CAN for Balkans“, поставена во Брашов, Тирана, Брисел, Лесковац, Велес, Букурешт и во Софија. Стеванов учествувал на повеќе групни стрип-изложби, во Белград, Брашов, Брисел, Букурешт, Ваљево, Демир Хисар, Куманово, Крива Паланка, Лесковац, Познањ, Пожаревац, Призрен, Скопје, Тетово, Тирана и др. Тој е дизајнер и/или летерер на голем број албуми, меѓу кои: „Мрак Хумор Тишина“, „Dominos“, „Зад црното сонце“, „Убавите нешта“, „Цар Гаврил Радомир“, „Итар Пејо“ книга 2 и 3, „Dan Fadil: First Light“, „Витези од соседството“, „Хавана САД“, „Вековници“, „Дени на тест“, „Херлок Шолмс“, „Шенко“ и „Мечкин Камен; Карпош“, а графички ги уредува и последните десетина броја на магазинот „Стрип креатор“. Автор е и на десетина фонта, од кои за „Ботин“ го освојува третото место на уругвајскиот натпревар „Типотајп аворд“ (2015).



**Ване Трајков**, роден на 7 декември 1958 година во Велес, е основач и извршен директор на Стрип центарот на Македонија – Велес. Автор е на поголем број сценарија за стрипови, како и на неколку сценарија за ТВ-филмови и драми. Трајков се јавува и како инструктор за теорија на стрип, организатор на десетина изложби на стрип низ Македонија и во странство, организатор на Меѓународниот салон на стрип во Велес, кој што традиционално се одржува секоја година. Главен и одговорен уредник е на магазинот „Стрип креатор“, а уредник е и на стрип-албумите: „Мис Стон“, „Ајдучка чешма“ и „Кочо Рацин – живот песни и смрт“. Тој е автор на три романа за млади и деца и е еден од основачите на Клубот на писатели „Кочо Рацин“ во Велес.






**Томислав Османли** (1956) е автор на 30 книги: три романи, осум збирки раскази, три книги теорија, повеќе книги драмски текстови, две книги филмски сценарија, две книги за деца, две книги есеи, поетска книга... и на голем број меѓународни објави. Со своите книги посветени на теоријата на филмот („Филмот и политичкото“, 1982) и на стрипот („Стрип – запис со човечки лик“, 1987, 2002) тој е македонски пионер на медиумската теорија и во тие два домена: македонската филмологија и теорија на стрипот. Двете книги доживејаа не само домицилни, туку и пошироки афирмации и во односните творечки средини и на поранешна Југославија. Прозната работа ја започнал со книгата раскази „Пеперутката на детството“ („Мисла“, 1993), издадена по повод 30-годишнината од скопскиот земјотрес. Османли е автор и на осум збирки раскази. Сите раскази и новели од неговата

Објавувањето на овој каталог е во рамките на проектот „Стрип креатива – стрипот може“ имплементиран од Томе Трајков, стрип-промотер од Велес
Проектот е финансиски поддржан од страна на Министерството за култура и туризам на РС Македонија – програма креативни индустрии

прозна збирка „Светилка за Ханука“ („Форум“ 2009, „Икона“ 2014, 2017) се објавени во голем број респективни списанија во Европа и во светот (од Израел, САД до Аргентина), при што целата збирка во превод пред сè на англиски јазик, а потоа и на ладино, ја објави бриселското списание за сефардска култура „Los Muestros“. Збирката раскази и новели „Светилка за Ханука“ („Форум“, 2008) стана лауреат на наградата „Прозни мајстори“. Оваа книга 2021 година ја објави престижната српска куќа „Прометеј“ од Нови Сад. Неговата најнова прозна книга, збирката „Парадоксикон“ е наградена со „Рациново признание“ за 2020 година. Автор е на три романи: „Дваесет и првиот“ („Блесок“, 2010), ја доби наградата Роман на годината на „Утрински весник“. Истата година овој роман беше избран за македонски претставник во натпреварот за наградата „Балканика“ и нејзин финалист. Книгата е преведена и објавена на поголем број јазици и книжевни средини (Загреб, Цетиње, Москва, Белград, Каиро, Софија). Неговиот нареден роман насловен „Зад аголот“ („Магор“, 2012) – комплексна прозна творба, реализирана низ девет преплетени текови на дејствието, се шири низ целиот свет, но и низ историјата во многувековен опфат – ја доби наградата „Урбан“. Романот „Зад аголот“ е објавен во Турција и во Србија. Дистопискиот роман „Бродот. Конзархија“ („Магор“, 2016) е лоциран во Скопје, но во блиско идно време, во 2039 година. Тоа е негативна утопија која се враќа во подоброто минато за да го наслика законувачкото отуѓување на една идна стварност чии траги се препознаваат и денес. Објавил две книги есеи: „Медиумот што недостасува“ (1992, 2020) и „Ослушнувања во глуво доба“ и книга интервјуа „Средби и раговори“ (2021), со шест клучни личности на македонската култура и уметност. Во поголем број списанија, весници и магазини објавил голем број есеистички текстови. Во чест на Столетието на Конески, ја објави својата прва поетска книга со поемата „Бдеења Блажеви“ (2021). Како новинар, сиот четириецениски работен век бил ангажиран во редакциите за култура и уметност на поголем број медиуми. Бил уредник за прилогот за уметност, наука и култура „Координати“ на неделникот „Млад борец“, новинар на македонското издание на „Комунист“, уредник за култура на неделникот „21“, уредник-коментатор на „Нова Македонија“ и одговорен уредник за култура и уметност во Телевизија Телма. Прозните текстови и книги му се објавувани во книги и списанија во странство, на: англиски, руски, француски, српски, грчки, словенечки, бугарски, хрватски, полски, романски, ладино (јудео -шпански), арапски, хебрејски, турски и италијански јазик. Томислав Османли е автор е на критики, осврти, теоретски објави, хроники, предавања, презентации... Тој е првиот наш теоретичар, хроничар и основоположник на македонската стрип-историографија.




Проектот е финансиски поддржан од страна на Министерството за култура и туризам на РС Македонија – програма креативни индустрии
Објавувањето на овој каталог е во рамките на проектот „Стрип креатива – стрипот може“ имплементиран од Томе Трајков, стрип-промотер од Велес

Стрип центар на Македонија – Велес

Издавачка куќа „Стрип квадрат“

Стрип-книжарница „Бункер“

Издавачка куќа „Темплум“

Во годишната програма на Министерството за култура на РС Македонија за 2025 година се вклучени и:

- Друштво за филмска продукција издаваштво и услуги „Флип бук“ ДООЕЛ Скопје – „Зојхер“, Златко Крстевски
- Друштво за филмска продукција, издаваштво, организирање на културни настани и услуги „Фликер студио“ ДООЕЛ Скопје – „Лом: Бунарот на бесконечната јанѕа“, Ивица Дуковски
- Славица Купенкова – „Бескрајно патување“
- Друштво за филмска продукција издаваштво и услуги „Флип бук“ ДООЕЛ Скопје – „Олпест“, Симон Калајџиев

Објавувањето на овој каталог е во рамките на проектот „Стрип креатива – стрипот може“ имплементиран од Томе Трајков, стрип-промотер од Велес
Проектот е финансиски поддржан од страна на Министерството за култура и туризам на РС Македонија – програма креативни индустрии

Традиционален Меѓународен салон на стрип во Велес, со досега одржани 22 изданија.




Од 2025 година тој дефинитивно функционира двострано, преку два потпроекта:

- Како стрип-колонија со досега одржани 7 изданија
- Меѓународен стрип-конкурс (традиционален)




Фестивал „Стрип трип“ со досега одржани три изданија.

Основачи:

- Младински културен центар – Скопје
- Стрип-книжарница „Бункер“ – Скопје
- Здружение за промовирање на стрип културата во Македонија „Макстрипови“ – Скопје
- Издавачка куќа „Стрип квадрат“ – Скопје




Соработници:

- Paragons
- Comics.mk
- Ивица Дукоски
- Гоце Илиевски

Проектот е финансиски поддржан од страна на Министерството за култура и туризам на РС Македонија – програма креативни индустрии
Објавувањето на овој каталог е во рамките на проектот „Стрип креатива – стрипот може“ имплементиран од Томе Трајков, стрип-промотер од Велес

Оваа култура, кај нас е потценета, но во светот, на пример во Јапонија и во Франција стрипот го полни буџетот на својата земја со по 5-6 илјади наслови во форма на стрип-албуми. Оние што знаат за што зборувам ќе разберат дека тука е целата разлика – во комерцијализацијата. Пред некоја година читав еден текст, мислам дека беше од Оливер Ромевски, којшто истакна една вистина, дека стрип-јунаци од другите земји како бренд ни се продаваат и преку перници, постелнина, маички со слики на разни Дигимони или Покемони и автомобилчиња на Бетмен. Значи, стрипот ни го продаваат 24 часа дневно, а ние сè уште велиме „кој таму чита романчиња“ наместо да измислиме или промовираме наш стрип-јунак.

Пример во светот:

**Изложба „Модата и стрипот“**

„Модата и стрипот“ беше насловот на изложбата, која во Музејот на Риека е отворена во рамките на манифестацијата „Риека 2020“ – европски град на културата, по повод 100-годишнината на Францускиот институт на Универзитетот во Загреб. Изложбата доаѓа од Музејот на стрипот во Ангулем. Таа на посетителите им нуди увид во повеќе од стотина експонати: цртежи, облека, модни додатоци, парфеми и различен вид публикации. Меѓу преостанатите експонати до средината на јуни можеше да се види и некој од првите дизајнерски цртежи на светски познатиот дизајнер Ив Сен-Лорен, на Кристијан Диор, на Тери Миглер, кои своите колекции прво ги создавале на хартија и кои претставуваат значајна цртачка традиција во француската висока мода. На изложбата, меѓу другото, се прикажани дела на американскиот автор на стрипови и пионер на анимираниот филм, Винзор Мекеј, како и никогаш претходно видениот стрип „Лулу Лошката“ („Naughty Lulu“) – единствен што го нацртал дизајнерот Ив Сен-Лорен. Меѓу атрактивните експонати, кои со оваа сосема нова тема ги истакнуваат улогата и местото на стрипот во сите сегменти на уметноста, изложен беше и оригинален фустан на Диор, исто така создаден под влијание на деветтата уметност. Особено атрактивен е и графичкиот роман „Жен фил он Диор“ („Jeune Fille en Dior“) на познатата цртачка Ани Гатцинер, која ја следи авантурата на развојот на престижната модна куќа во последното десетлетие од животот на Диор, од 1947 до 1957 година, низ невиниот и воодушевувачки поглед на младата новинарка. Музејот на стрипот во Ангулем е единствен во Европа, а располага со 14 илјади изворни табли и цртежи, печатени и аудиовизуелни изданија, како и со различни други предмети тесно поврзани со стрипот. Тука спаѓаат и предмети позајмени од јавните и од приватните колекции, од музејските установи, модни куќи, галерии, исто така и од збирките на одделни собирачи и уметници.

Објавувањето на овој каталог е во рамките на проектот „Стрип креатива – стрипот може“ имплементиран од Томе Трајков, стрип-промотер од Велес
Проектот е финансиски поддржан од страна на Министерството за култура и туризам на РС Македонија – програма креативни индустрии

## Стрип музеј во Брисел, Белгија

Овој музеј во Брисел годишно го посетуваат 800 000 посетители од кои над 80 % се од странство. Музејот на стрипот во Брисел е спој на историјата на стрип-уметноста и „арт нуво“ архитектурата и е еден од најпосетените музеи во Белгија.



Во внатрешноста на градот Брисел во Белгија, поточно во регионите Лекен и Одергем се наоѓа по едно изненадување речиси на секој чекор.



Како што се движите по улицата ги гледате Тинтин, штрумфовите, Астерикс, Гастон и други анимирани детски јунаци. Се работи за мурали на кои се илустрирани француските и белгиските херои. Овој проект започнат од 1991 година бил инициран од локалните власни, а реализиран во соработка со Белгискиот центар за стрипови. Неговата цел била славење на долгата историја на стриповите во земјата. Стриповите се гордост на Белгија.



Во земјата живеат повеќе од 700 автори на стрипови, а во главниот град може да најдете повеќе продавници, статуи, цртежи, музеи и барови посветени на оваа уметност.



Кога станува збор за улицата на стриповите, на неа може да се најдат повеќе од 50 мурали.



Проектот е финансиски поддржан од страна на Министерството за култура и туризам на РС Македонија – програма креативни индустрии
Објавувањето на овој каталог е во рамките на проектот „Стрип креатива – стрипот може“ имплементиран од Томе Трајков, стрип-промотер од Велес

# Активности за создавање на куќа на стрипот во Загреб

Иницијативата доаѓа од страсниот колекционер на слики и стрипови од Загреб, Младен Новаковиќ, кој, меѓу другото, поседува респектабилни 7 000 оригинални стрипови, честопати ремек-дела од хрватски и светски стрип-тешкаши.

Тој ја создава својата колекција сонувајќи за таков проект – музеј или центар за стрипови. Покрај големиот број оригинали од нашите најголеми автори, постојат стрипови и стрип-списанија кои ја претставуваат целата историја на хрватските и југословенските стрипови. Голем дел од колекцијата опфаќа и американски, англиски, француски, италијански, шпански стрипови и од многубројни други средини.



Меѓу деликатесите, ако зборуваме за познатите имиња, се делата на Андрија Мауровиќ, целиот опус на Јулио Радиловиќ-Јулес, делата на Валтер Нојгебауер и великаните на светските стрипови: Харолд Фостер, Алекс Рејмонд, Милтон Каниф, Пол Гилон, Џек Кирби, Жан Жиру, Рејмон Машере, Дон Лоренс, Алфонсо Фонт, Херман, Јаковити, Дино Батаља, Серџо Топи и многу други. Центарот ќе го промовира и поттикнува современото стрип-творештво, ќе биде место каде што авторите, теоретичарите, колекционерите и љубителите на стрип-уметноста ќе се собираат и ќе се среќаваат со пошироката публика. Во текот на целата година, центарот ќе организира динамична изложбена програма интересна за сите генерации и профили на публика, со активности, како што се тематски предавања, филмски проекции, промоции на стрип-албуми, списанија и книги, работилници и стрип-школи, како и разни мултимедијални, музички и други програми што имаат врска со стрип-културата.

Објавувањето на овој каталог е во рамките на проектот „Стрип креатива – стрипот може“ имплементиран од Томе Трајков, стрип-промотер од Велес
Проектот е финансиски поддржан од страна на Министерството за култура и туризам на РС Македонија – програма креативни индустрии

# Стрип музеј во Холандија

Холандскиот музеј на стрипови беше музеј посветен на стрипови на холандски јазик, со акцент на домашните стрип-креации, и се наоѓаше во градот Гронинген во Холандија.



Повеќе од една деценија во изградба, музејот беше отворен на 21 април 2004 година од градоначалникот на градот, Жак Валаж, со очекуван број посетители во опсег од 40 000 до 100 000 годишно.




На отворањето, на кое присуствуваа многу поранешни студенти од холандската стрип-сцена, тогашниот претседател на музејот, Берт Бринк, изјави дека е оправдано што музејот е сместен во Гронинген, бидејќи холандската стрип-култура има потекло од градот. Околу 1850 година, стрипот „Monsieur Cryptogame“ од Родолф Топфер беше преведен на холандски како „Mijnheer Prikkebeen“ од жител на градот, поетот и романописец Џ. Ј. А. Гувернер. Преводот беше објавен и во Гронинген.



Музејот имаше 19 790 посетители во 2015 година. Просториите во кои е сместен музејот не се во сопственост на музејот или на градот, туку се изнајмени од компанијата за управување со недвижности „Libéma“. Колекцијата, сепак, е законска одговорност на приватната фондација „Stichting het Nederlands Stripmuseum“. Замислен како холандски одговор на престижниот бриселски „Belgisch Centrum voor het Beeldverhaal“, Стрип-музејот никогаш не се приближи до бројот на посетители како што беше проектирано, ниту до бројките што неговиот белгиски колега ги постигна (помалку од 50 000 и се намалува наспроти стабилни 200 000 годишно). Во 2019 година тој е затворен!

Проектот е финансиски поддржан од страна на Министерството за култура и туризам на РС Македонија – програма креативни индустрии
Објавувањето на овој каталог е во рамките на проектот „Стрип креатива – стрипот може“ имплементиран од Томе Трајков, стрип-промотер од Велес

# Стрип музеј во Лука, Италија

„Museo Italiano del Fumetto“ е основан од Општина Лука, како значаен центар за стрипови на национално ниво.



Овој музеј е исключително важен во оваа област, особено за фестивалот „Lucca Comics & Games“ кој привлекува илјадници љубители на стрипови секоја година.



Сместен е во градскиот комплекс што некогаш бил касарната Лоренцини, а пред тоа, манастирот Св. Романо, а зградата сега е целосно реставрирана во својот древен сјај.



Изложбените сали се модерни и опремени со високотехнолошки системи и компјутери.



Објавувањето на овој каталог е во рамките на проектот „Стрип креатива – стрипот може“ имплементиран од Томе Трајков, стрип-промотер од Велес
Проектот е финансиски поддржан од страна на Министерството за култура и туризам на РС Македонија – програма креативни индустрии

Меѓународниот фестивал на стрипови во Ангулем е вториот најголем фестивал на стрипови во Европа (по Фестивалот на стрипови и игри во Лука, Италија) и третиот најголем во светот (по оној во Лука и Комикет во Јапонија).






Четиридневниот фестивал е значаен по доделувањето на неколку престижни награди за стрип.

Фестивалот во Ангулем се одржува секоја година од 1974 година, на крајот од последната недела од јануари.






Наградите првично се нарекувале „Алфред“, а во 1989 година името е променето во награди „Алф-арт“, во чест на последниот, недовршен албум на „Тинтен“ од Ерже.

Меѓународниот фестивал на стрипови во Ангулем е основан од француските писатели и уредници Франсис Гру и Жан Мардикијан, како и од писателот Клод Молитерни, кој беше ко-организатор на фестивалот до 2005 година. Над 200 000 посетители го посетуваат саемот во Ангулем секоја година, вклучувајќи помеѓу 6 000 и 7 000 професионалци, во кои спаѓаат приближно 2 500 автори и 800 новинари.



Проектот е финансиски поддржан од страна на Министерството за култура и туризам на РС Македонија – програма креативни индустрии
Објавувањето на овој каталог е во рамките на проектот „Стрип креатива – стрипот може“ имплементиран од Томе Трајков, стрип-промотер од Велес

Во склад со промената на дејноста на нашето Министерство, коешто на културата го додаде и туризмот, се создаваат услови за реализација на една наша дамнешна заложба, но и за своевиден стрип-туризам. По примерот на градот Ангулем во Франција, атрактивните велешки стрип-мурали треба да влезат во туристичката понуда на градот Велес. Првите два мурала (коишто се најрепрезентативни) се направени во 2007 година врз основа на проект на Општина Велес, а финансирани од странски донатори. Двата се наоѓаат во самиот центар на Велес. Првиот од нив го претставува раѓањето на Кочо Рацин.



Вториот, пак, е микс на мотиви од предисторијата, средниот век и научната фантастика.



Потоа, повторно со поддршка на Општина Велес, беше изработен мурал (најголем досега) со ликот на Кочо Рацин, којшто се наоѓа на зградата наспроти поштата.




На иницијатива и со финансии од приватен спонзор, во реонот на плоштадот „Којник“ беше изработен мурал на тема солунските атентатори – гемиџиите (повеќето од нив се од Велес).



Со финансиска подршка на Министерството за култура, Стрип центарот изработи два мурала. Првиот од нив е направен со мотиви од познатиот вестерн-филм „Точно на пладне“ со легендарниот Гари Купер.



Објавувањето на овој каталог е во рамките на проектот „Стрип креатива – стрипот може“ имплементиран од Томе Трајков, стрип-промотер од Велес
Проектот е финансиски поддржан од страна на Министерството за култура и туризам на РС Македонија – програма креативни индустрии

Вториот од нив, кој е во боја, е мурал со ликот на прилепскиот владетел Крали Марко.



Важно е овде да се спомене дека во Велес, лека полека, се издвојува своевидна „улица на мурали“, којашто се протега од просторот под Градскиот часовник до реонот „Долни дуќани“ (влезот на Велес). Постојниот бетонски зид, со соодветна подготовка, се јавува како идеален простор за продолжување на оваа култура, веќе етаблирана во Велес. Освен муралите изработени од страна на СЦМ – Велес, на овој простор има и два други мурала. Првиот од нив е муралот „Ленка“, поставен на потпорниот ѕид во близина на Саат кулата, изработен на површина од 60 м2.




Задолжена за авторската скица и изведбата на муралот е Бранкица Јордановска, дипломирана графичарка на Факултетот за ликовни уметности во Скопје. Текстот од песната претставен на муралот е изработен со фонтот „Рацин регулар“, изработен од дизајнерот Ласко Џуровски според анализи на оригинални документи со ракописот на Рацин. Вториот од нив, кој е помал, е мурал на тема „Тутуноберачите“, а е изработен од средношколци.



Но, освен овој простор треба да се спомене и искористениот бетонски простор на друг влез во градот Велес, под велешката Спомен костурница. Тука е изработен муралот „Солидарност, мобилност, иднина“ имплементиран од страна на Здружението за култура и уметност „Факултет за работи што не се учат“ од Скопје. Тој има површина од 220 квадратни метри, долг е 86, а висок 2,5 метри. Муралот е насловен „Солидарност, мобилност, иднина“ и се работеше пет дена, со спреј и фасадна боја. Автори се Давор Кешкец, идејниот автор на муралот, Стефан Младеновски, Ангела Банчотова и Тоше Пешовски. Муралот е изработен од повеќе слики, преку кои се прикажани солидарноста, заедништвото и како градот се модернизира. На муралот се отсликува поблиската историја, борбата за здрава животна средина, борбата против Топилницата, како и протестите на велешани.

Проектот е финансиски поддржан од страна на Министерството за култура и туризам на РС Македонија – програма креативни индустрии
Објавувањето на овој каталог е во рамките на проектот „Стрип креатива – стрипот може“ имплементиран од Томе Трајков, стрип-промотер од Велес



На крај да ги спомeнеме и муралите посветени за Кочо Рацин. Првиот, заедно со ликот на Тоше Проески, е дел од мал амфитеатар којшто се наоѓа во простор веднаш под Спомен куќата на овој великан.



Вториот се наоѓа на старото ракометното игралиште во Градскиот парк во Велес.




Авторот на овој текст се извинува доколку во Велес има уште мурали, за него напознати. Нивното постоење само ја потврдува позицијата на Велес како град на мурали.

Агенции и туристички асоцијации, вие сте на потег!

Објавувањето на овој каталог е во рамките на проектот „Стрип креатива – стрипот може" имплементиран од Томе Трајков, стрип-промотер од Велес
Проектот е финансиски поддржан од страна на Министерството за култура и туризам на РС Македонија – програма креативни индустрии

## Иден стрип музеј во Велес – на стрипот да му се овозможи живот!

Своевремено над 12 илјади наслови на стрипови беа сместени во поткровјето на домот на велешанецот Ване Трајков. Горд е што во негова сопственост се изданија што се единствени и вредат вистинско богатство на берзата. Има малкумина негови истомисленици во земјава и најчесто комуницира со колеги од Србија, Хрватска и Словенија. Љубовта кон стрипот кај него се раѓа уште во далечната 1963 година, кога сестра му од училиште му ги донесува првите изданија на „Наш свет“, „Дечје новине“, „Кекец“. Тој го има и првиот број на „Политикин забавник“ од 1939 година, а ги поседува и првите изданија на стриповите на македонски јазик „Тарзан“, „Бетмен“ и „Супермен“, кој, пак, во 1963 година се викал „Челичното момче“.



За него е подвиг што стриповите со Бетмен и со Тарзан, први во тогашна Југославија, списанието „Наш свет“ ги пласирало и тоа на македонски јазик. Овие броеви се вистинско богатство на берзата на стрипови, но за Ване нема цена по која може да ги продаде. Вели дека не е важно колку пари чинат, дали се евтини или скапи, туку најважно е дали ги имаш или ги немаш. Точниот број стрипови не го знае бидејќи секогаш кога почнува да ги пребројува, никако да го заврши пописот, а во меѓувреме купува и нови изданија и продава стари. Стриповите му се категоризирани по едиции, најмногу има од „Стрипотека“ и тоа сите 1 100 броја. Тука можат да се најдат и „Алан Форд“ и „Марти Мистерија“, „Загор“ и „Командант Марк“, како и „Фантом“ и „Мандрак“. За да ги сочува стриповите, тој ги вакуумира во кеси, но бидејќи често ги отвора, се откажал од намерата така да ги чува.



Своевремено во рамките на Стрип центарот на Македонија работеше и стрип-библиотека, единствена во Македонија во која посетителите можеа да прочитаат некои од шесте илјади стрип-изданија. Во негова сопственост се и сите броеви на „Никад робом“, каде што има и неколку епизоди од македонската историја, како што се „Гаврил Радомир“, „Карпош“, „Цар Самуил“, „Крушевската Република“, „Добромир Хрс“, „Ѓорѓи Војтех“, кои според негови сознанија се единствени примероци во земјава. Нив ги купил неодамна и тоа многу скапо. Според него, ова не е само негово богат-




Проектот е финансиски поддржан од страна на Министерството за култура и туризам на РС Македонија – програма креативни индустрии
Објавувањето на овој каталог е во рамките на проектот „Стрип креатива – стрип може“ имплементиран од Томе Трајков, стрип-промотер од Велес

ство, тоа припаѓа и на Македонија. Во меѓувреме се интензивира издавачката и друга дејност на Стрип центарот на Македонија, на кој што тој е основач и извршен директор. Сето тоа прераснува во своевидна ризница, но и трезор на стрип-културата во Македонија! Почетокот на Стрип центарот на Македонија со седиште во Велес е поврзан со неколкугодишен проект финансиран од страна на СОРОС Будимпешта, започнат во 2002 година. Освен ликовната и издавачката дејност, постоеше и своевиден изложбен простор, наменет и за библиотечната дејност. Овој простор беше посетуван преку организирани ученички екскурзии од други градови!









Но, тој проект заврши, а условите диктираа и преселба во доста помал простор во поранешниот Пионерски дом, подоцна библиотека. СЦМ имаше, каков-таков, простор за средби, како и за чување на дел од ретките изданија. Но, и тоа заврши! Следеше преселба во подрумски простории на Спортската сала во Велес, каде македонската стрип-ризница чмаеше речиси 2 години.



И тоа заврши! Речиси една година истата библиотека е сосема преселена во домот на Трајков. Тој не се откажува, разменува искуства и соработува со слични иницијативи, најмногу со Младен Новаковиќ од Загреб.

Општина Велес и Министерство за култура и туризам, на потег сте!

Објавувањето на овој каталог е во рамките на проектот „Стрип креатива – стрипот може" имплементиран од Томе Трајков, стрип-промотер од Велес
Проектот е финансиски поддржан од страна на Министерството за култура и туризам на РС Македонија – програма креативни индустрии

СТРИП
КРЕАТИВА

СТРИПОТ
МОЖЕ

Поддржано од:
**Министерство за култура и туризам**
**РС Македонија**